**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Согласно Програмата за развој на туризмот за 2018 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/2018), Министерството за економија објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За избор на најдобри бизнис идеи за туризам креирани од студенти на факултетите за туризам

**1. Предмет на јавниот повик е избор на најдобри бизнис идеи за туризам креирани од студенти на факултетите за туризам.**

Проектот се реализира во соработка со: Министерството за образование и наука, Факултетите за туризам (Охрид/Скопје/Штип/Државниот универзитет во Тетово - насока Туризам) и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија.

**2. Право на учество** имаат студенти од факултетите за туризам во Република Македонија на возраст од 18 до 30 години.
Секој учесник на јавниот повик има право да аплицира само со една бизнис идеја.
Со едеа бизнис идеја може да учествуваат најмногу двајца (2) студенти.

**3**. Услов за учество е бизнис идеите да бидат изготвени согласно **Упатството за пишување на бизнис идеја за туризам (во прилог на Јавниот повик).**

Апликациите може да се поднесат на македонски или на албански јазик (со превод на македонски јазик).

**4**. **Критериуми** за оценување и избор на најдобри бизнис идеи за туризам:

| **Критериум** | **Вредност %** |
|---|---|
| Изглед на насловна страна | 2 |
| Резиме | 5 |
| Опис на производите и/или услугите | 10 |
| Анализа на пазарот и индустријата (по модел на Мајкл Портер) | 13 |
| SWOT анализа | 8 |
| Опис на системите на маркетинг и дистрибуција | 8 |
| Опис на производниот/услужниот процес | 10 |
| Менаџмент на човечки ресурси | 8 |
| Финансиски план | 13 |
| Изводливост на бизнисот | 13 |
| Иновативност на бизнисот | 10 |

**5**. **Трите најдобри бизнис идеи** ќе бидат презентирани пред Комисијата за евалуација и избор на најдобари бизнис идеи за туризам.

**6**. На **најдобрите** бизнис идеи за туризам ќе им бидат доделени плакети, ваучери и парични награди од:

- 1 награда 60.000 денари
- 2 награда 40.000 денари
- 3 награда 20.000 денари

**7. Јавниот повик** за аплицирање за најдобри бизнис идеи за туризам трае до **30.04.2018 година**.

Готовите бизнис идеи за туризам во **<u>еден напишан примерок</u>** треба да се доставaт до архивата на Министерство за економија со **назнака**:

**„За избор на најдобри бизнис идеи за туризам "**

**Адреса:**
**Министерство за економија**
Јуриј Гагарин 15, 1000 Скопје

**и во електронска верзија** на следната E-mail адреса: tourism@economy.gov.mk

За дополнителни информации
тел. (02) 3093  536; (02) 3093 543; (02) 3093 540